Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Должина на зборови

Должина на еден збор е бројот на букви во зборот. Така на пример, зборот „сон“ е со должина 3, а зборот „математика“ е со должина 10. Прочитај ги стиховите дадени во продолжение и реши ги задачите.

Ситен дождец рони,
дете сон сони.
Во малиот селски двор,
верувајте ми на мојот збор,
една мачка сина,
лична ко балерина,
две кокошки зелени,
со по три пилиња во пелени,
заедно со една коза,
седум јарињa и една роза,
се собрале сите тука така,
да учат математика сакаат.

1 За секој збор од стиховите обои по едно поле во дијаграмот (од десно) кое одговара на должината на зборот.

2 Пресметај и дополни:
Во стиховите има вкупно ____ зборови.

3 Дополни:
а) Во стиховите има најмногу зборови со должина ____.
б) Најголемата должина на збор во стиховите е должината ____.

4 Повторно прочитај ги стиховите. Пресметај и дополни:
а) Во селскиот двор имало вкупно ____ животни.
б) Сите животни заедно имаат вкупно ____ нозе.

број на зборови											
16											
15											
14											
13											
12											
11											
10											
9											
8											
7											
6											
5											
4											
3											
2											
1											
	1	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**9**	**10**	**11**

должина на збор

Copyright © 2015 Математика +